РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. 25-6456/2
19.08.2011 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08) и член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08 и 53/11) постапувајќи по барањето на Автосообраќаен училишен центар БОРО ПЕТРУШЕВСКИ Скопје бр.25-6456/1 од 04.08.2011 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

Се овластува Автосообраќаен училишен центар БОРО ПЕТРУШЕВСКИ Скопје, за вршење на стручни и технички работи во постапка на единечно одобрување на возило од категориите L, M, N и O, согласно член 57 став (1) алинеја 3 од Законот за возила, член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата за инспекциско место - ЦИВ 1 - АСУЦ БОРО ПЕТРУШЕВСКИ Скопје на Булевар Едвард Кардељ бр.26-Б, Скопје – Гази Баба;

## Образложение

Автосообраќаен училишен центар БОРО ПЕТРУШЕВСКИ Скопје, до Министерството за економија поднесе барање бр.25-6456/1 од 04.08.2011 година со кое бара овластување за техничка служба за вршење на стручни и технички работи во постапка на единечно одобрување на возило, согласно член 57 став (1) алинеја 3 од Законот за возила, член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10 и 105/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10) за инспекциско место - ЦИВ 1 - АСУЦ БОРО ПЕТРУШЕВСКИ Скопје на Бул. Едвард Кардељ бр.26-Б, Скопје – Гази Баба;

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба од органот за одобрување – Бирото за метрологија бр.1509-14362/2 од 28.07.2011 година;
- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-052 од 20.07.2011 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0806-11/7671/1 од 11.03.2011;
- Копии од обрасците М1/М2 за: дипл. маш. инг. Стојанов Владо, дипл. маш. инг. Марковски Влатко, дипл. маш инг Исмаили Камуран и дипл. сообраќаен инг. Јованов Александар;
- Доказ за склучен договор за осигурување полиса бр.01071198 од 01.09.2010 година;
- Изјава за сопствен деловен простор бр.01-1930/4 од 11.08.2011 година од Соња Ристовска, директор и имотен лист за сопствениот простор бр.65872 издаден од Агенцијата за катастар на Република Македонија бр. 1105-39379/2011 од 23.02.2011;
- Доказ за техничка опременост – Список на опрема бр. 01-1930/3 од 11.08.2011 година; и
- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, издаден од Централен регистар на Република Македонија бр.0904-13/2004 од 09.05.2011 година.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

*МИНИСТЕР,*
*Valon Saraqini*